**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

**ЈАВЕН ПОВИК**

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на Република Северна Македонија"бр. 42 од 27.02.2023 година), објавува јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари - информатичка опрема како и основни средства кои немаат вредност односно се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и истите не се користат од страна на Осовен суд Битола.

**Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари - информатичка опрема и основните средства (канцелариски мебел ) предмет на јавниот повик и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи без надомест.**

Движните ствари се наоѓаат во просториите и гаражите на Основен суд Битола.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик: Александар Велјановски, електронска адреса: info@osbitola.mk.

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари), како и потребна документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично од просториите на Основен суд Битола или од веб страната на судот преку следниот линк: **Јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад** објавен на веб страната на Основен суд Битола.

Краен рок за доставување на пријавите за учество е **17.03.2023 година до 12:00 часот.**

Комисија за спроведување на постапка за избор
на правно лице кое врши дејност или поседува
дозвола за собирање и/или транспортирање,
преработка, рециклирање и
уништување на отпад

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА РСМ